Врз основа на Законот за здруженија на граѓани и фондации (“Службен весник на РМ”, бр. 52/10 и 135/11, и Одлуката за основање на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Основачот на Фондацијата Македонски дарителски регистар (МКДР), на ден 20.07.2018 година го донесе следниот

# СТАТУТ
на
Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје

## 1. Општи одредби

### Член 1

Основачот ја основа фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје заради остварување на следните цели и задачи: научни, хуманитарни, социјални, стручни, образовни, и други права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и законот.

### Член 2

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје своите права должности, и одговорности ги остварува согласно со Уставот, законот и овој Статут.

### Член 3

Името (називот) на Фондацијата е Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје. Англискиот превод на Фондацијата е Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje.

Краткиот назив на Научна фондација СПИРОСКИ е Фондација СПИРОСКИ или на англиски Foundation SPIROSKI.

### Член 4

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје одговара за своите обврски со својот имот и средства.

### Член 5

Седиштето на Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје е на ул. Рајко Жинзифов бр. 48, 1000 Скопје, Република Македонија.

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје се организира и делува на подрачјето на целата територија од Република Македонија.

### Член 6

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје е правно лице.

### Член 7

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на фондацијата: Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Македонија и на англиски Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Republic of Macedonia.

Штембилот на Фондацијата е правоаголен со следниот текст: Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, број, дата и место.

Член 8

Работата на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје е јавна. Јавноста на работењето се обезбедува со припремање на редовни извештаи за нејзиното работење, со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на Фондацијата, за начинот на користење на средствата на Фондацијата, за материјално-финансиското работење и друго (годишни или периодични финансиски извештаи).

За информирање на потенцијалните корисници на средства на фондацијата и пошироката јавност, се користи печатот, радиото, телевизијата, Интернет, како и списанијата на фондацијата.

Член 9

Основач на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје е: Проф. д-р Мирко Спироски, Рајко Жинзифов. бр. 48, Скопје, ЕМБ 0302948450123.

Основачот на денот на основањето на фондацијата го даде следниот основачки влог:

1. Средства во висина од 675.000,00 МКД.

Член 10

Основачките права на основачот на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје не може да се пренесат на неговите правни наследници.

Донаторите што вложуваат средства или имотни права по основањето на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, немаат статус на основачи.

Член 11

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје ја претставува и застапува Директорот на фондацијата.

2. Цели и задачи на фондацијата

Член 12

Фондацијата како имотна маса обезбедена од основачите, ќе се користи заради остварување на поширок интерес и заради постигнување на следните посебни цели и задачи:

- да создава просторни, технички и материјални услови за работа;
- да издава научни списанија;
- да ја афирмира науката;
- да ја поттикнува научната работа;
- да собира, да типизира, да складира и да разменува податоци за дарители на клетки, ткива и органи;
- да создава и да одржува Македонска банка за хумана ДНК;
- да ги процесира барањата за хематопоетски стем клетки од дарителите во Република Македонија и тие кои доаѓаат од странство;

- да ги координира активностите на Дарителските центри, Собирните центри, Трансплантациските центри и другите единки од дарителските регистри;
- да собира и понатаму да дистрибуира средства или други форми на донација во согласност со прокламираните цели;
- да врши други активности поврзани со науката.

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје ги остварува целите, правата, интересите и уверувањата за кои е основана, преку стекнување и управување со средства и имот.

3. Финансирање на фондацијата

Член 13

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје своите цели и задачи стартно ги остварува од основачкиот влог на основачите.

Фондацијата може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

Фондацијата средствата може да ги стекне и од прилози, донации, подароци, тестамент, легат заверен пред нотар и друго.

Фондацијата може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основала со сопствени средства, заради остварување на своите цели и задачи утврдени со овој Статут.

Фондацијата може да добива средства и од буџетот, согласно законот, врз база на сопствената програма за работа и овој Статут.

Член 14

Средствата на фондацијата, стекнати согласно член 12 од овој Статут се сопственост на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје.

Член 15

Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје ги употребува своите средства (приходи) исклучиво за остварување на целите и задачите утврдени со овој Статут.

Член 16

Корисник е лице на кое му се даваат средства кои се во сопственост на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје.

Како корисници на Фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје ќе се сметаат сите лица во согласност со статутарните цели на Фондацијата.

Основачот, члeновите на Управниот одбор, и вработените лица во стручната служба на фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, можат да се јават како корисници, доколку е тоа во согласност со целите на фондацијата и овој Статут и доколку за тоа се изјаснат две третини од членовите на Управниот одбор.

Член 17

За користењето и располагањето со средствата одлучува Директорот на фондацијата, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кој презема мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 18

Директорот на Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и рашодите на Фондацијата.

Финансискиот план ги содржи приходите на фондацијата, како и расходите за остварување на целите и задачите на фондацијата, плати за вработените на фондацијата, материјални трошоци и други расходи сврзани со работата на фондацијата.

4. Органи на фондацијата

Член 19

Органи на фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје се:

1. Управен одбор, и
2. Директор

Член 20

Членовите на Управниот одбор ги именува основачот со Одлуката за основање на фондацијата.

Управниот одбор брои 3 членови, од кои најмалку половина мора да се државјани на Република Македонија и нивниот мандат трае 4 години.

Член 21

Управниот одбор од своите редови избира Директор на фондацијата чиј мандат трае 4 години.

Директорот го свикува Управниот одбор најмалку еднаш годишно.

Директорот има обврска да свика вонредна седница на Управниот одбор кога најмалку 3 членови на Управниот одбор го бараат тоа написмено, најдоцна во рок од 15 дена.

Член 22

Член на Управниот одбор не може да биде претставуван од друг член на одборот.

Членот на Управниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар, роднина до втор степен и за прашања што се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

Член на Управниот одбор кој сака да истапи од одборот, тоа треба да го стори написмено.

Во случај на испразнето место во Управниот одбор, лицето кое ќе го пополни тоа место би требало да биде прифатено од 2/3 од останатите членови на Управниот одбор. Ова лице ќе го врши временски својот мандат онолку колку што преостанува за тоа испразнето место.

Член 23

Управниот одбор на своја седница може да отповика свој член во следните случаи:
- поради долготрајно отсуство од седници;
- поради активности спротивни со целите на Фондацијата.

Член 24

Управниот одбор правосилно решава кога се присутни најмалку половината од вкупниот број членови на одборот.

Управниот одбор решава со гласање.

За правосилна одлука се сметаа онаа за која гласале najмалку 2 члена.

Во случај на спојување со друга фондација или престанок на Фондацијата одлуката е правосилна ако е донесена со двотретинско мнозинство.

Член 25

Членовите на Управниот одбор можат да примаат паричен надоместок соодветен на нивните задолженија, доколку тоа го дозволува финансиската состојба на Научната фондација СПИРОСКИ.

Член 26

Управниот одбор е надлежен да:
- избира Директор на Фондацијата;
- ја претставува Фондацијата и да ги води нејзините работи;
- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Фондацијата;
- донесува и реализира годишна програма за работа;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- одлучува за условите и распределбата на средствата на корисниците, односно за постапката и начинот на користење на средствата на Фондацијата;
- го контролира финансиското работење на фондацијата, самостојно или преку свое за тоа формирано тело;
- донесува одлука за престанок на Фондацијата;
- формира стручна служба на Фондацијата;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела (комисии, бордови и сл.) и ја насочува нивната работа;
- усвојува правила (регулатива) за работењето на Управниот одбор;
- организира разни акции и манифестации сврзани со целите и задачите на Фондацијата;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства;
- донесува одлуки за приговори и жалби;
- врши и други работи сврзани со остварувањето на целите и задачите на Фондацијата, утврдени со овој Статут.

Член 27

Членовите на Управниот одбор се одговорни за остварување на целите и задачите на Фондацијата, утврдени со овој Статут и во оваа смисла се одговорни пред основачот.

Членовите на Управниот одбор се одговорни за штета предизвикана од нивната работа или поради нејзино запоставување.

Основачот доколку констатира дека се исполнети условите за одговорност предвидена во став 1 и 2 на овој член, има право да го разреши членот на Управниот одбор или целиот Управен одбор.

Поблиски одредби за именување, надлежност, одговорност и начин на работа на Управниот одбор се уредуваат со Одуката за основање на Фондацијата, донесени од основачот и Деловникот за работа на Управниот одбор.

5. Стручна служба на Фондацијата

Член 28

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес, за остварување на целите и задачите на Фондацијата определени со овој Статут, Фондацијата може да формира Стручна служба.

Организацијата, функционирањето, правата и надлежностите, како и останатите прашања се уредуваат со Правилник за работа на стручната служба.

6. Престанок на Фондацијата

Член 29

Фондацијата престанува:

- ако се утврди дека престанала со работа;
- ако средствата не се доволни за остварување на нејзините цели и задачи определени со Статутот;
- ако го изгуби својот имот;
- ако целта за која е формирана е исполнета или не може да се исполни;
- ако и истекува определеното време, кога е основана за определено време;
- со стечај;
- со одлука на основачот, доколку тоа право му е загарантирано со Статутот;
- со одлука на Управниот одбор;
- ако работи спротивно одредбите на член 3 и 4 од Законот на здруженија на граѓани и фондации и
- ако работењето на Фондацијата не е во согласност со нејзиниот Статут.

Овластениот застапник на Фондацијата, во случај на настапување на некоја околност предвидена со овој член, должен е во рок од 15 дена по нејзиното настапување, да го извести Основниот суд во кој е регистрирана Фондацијата.

Член 30

По престанок на работата на фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, депонираните средства што остануваат по намирувањето на побарувањата, се распределуваат на основачот во истиот износ со кој учествувал во основањето на фондацијата, во согласност со овој Статут и Одлуката за основање на Фондацијата.

7. Преодни и завршни одедби

Член 31

Право на толкување на одредбите на овој Статут има доносителот, односно основачот на фондацијата Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје.

Член 32

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по истата постапка, како и за негово однесување.

Член 33

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Основач,

Проф. д-р Мирко Спироски